# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Четврток 15.06.2017 год.** | **Уредува:** |
| | | **Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба** | **Број 04 - Година 2017** | **Општина Пехчево** |
| **Гласникот е бесплатен** | | **тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 15.06.2017 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден,, - 2017 од 13-15 јули;
2. Одлука за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден,, - 2017 од 13-15 јули;
3. Заклучок во врска со користењето и управувањето со водоснабдителниот систем за с.Спиково – Пехчево;

Бр. 09-663/1
15.06.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2017 од 13-15 јули**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2017 од 13-15 јули, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 15.06.2017 година.

Број 09-663/1
15.06.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 05/02), и член 30 став 1 точка 41 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), а во врска со член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност (Службен весник на РМ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16 и 71/16), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 15.06.2017 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2017 од 13-15 јули**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти во градот и штандовите учесници на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2017 од 13-15 јули за време од 2 часа подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност, односно до 03:00 часот наредниот ден.

**Член 2**

Продолженото работно време се однесува само за деновите: четврток, петок и сабота т.е. за време на одржувањето на манифестацијата содржана во Годишната програма за финансирање на прокти од областа на културата и НВО секторот од интерес на општина Пехчево бр.01-195/2 од 27.02.2017 година, односно точка 3 од Програмата - Фестивал на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2017 од 13-15 јули.

**Член 3**

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР, организаторот на Фестивалот на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден,, - 2017, градоначалникот и архивата на Општина Пехчево.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-658/1
15.06.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2017 од 13-15 јули**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2017 од 13-15 јули, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 15.06.2017 година.

Број 09-663/1
15.06.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36, став 1 точка 10, од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 05/02,) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.06.2017 год. донесе:

**О Д Л У К А**
**за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2017 од 13-15 јули**

**Член 1**

За користење на просторот на градскиот плоштад за поставување урбана опрема, за вршење трговија на мало и давање на услуги за време на Фестивалот на дувачки оркестри се воведува тарифа за комунална такса која ќе биде утврдена со усно јавно наддавање.

**Член 2**

Се задолжува оддлението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да ги определи парцелите кои ќе бидат достапни на давателите на услуги, за време на фестивалот и истите да бидат објавени на WEB страраната минимум 10 дена пред почетокот на фестивалот.

**Член 3**

Распределбата на парцелите ќе биде извршена на усно јавно надавање одделно за секоја парцела со следните почетни цени по парцели:

- Јавното наддавање за парцела број 1, со површина од 55 м$^2$ со почетна цена од 300 денари за м$^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 2, со површина од 51 м$^2$ со почетна цена од 300 денари за м$^2$ дневно;

- Јавното наддавање за парцела број 3, со површина од 55 $м^2$ со почетна цена од 250 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 4, со површина од 21 $м^2$ со почетна цена од 200 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 5, со површина од 52 $м^2$ со почетна цена од 200 денари за м2 дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 6, со површина од 50 $м^2$ со почетна цена од 250 денари за $м^2$ дневно;
- Парцела број 7, со површина од 62 $м^2$ со цена од 0 денари за $м^2$ дневно се доделува на проектот за прекугранична соработка Македонија-Бугарија ,,Платформа за меѓуграничен фестивалски туризам на полето на културата и традициите – фолклор,, No: CB006.1.21.166. Во случај оваа парцела да биде откажана од проектот за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, си останува почетната цена за јавно наддавање од 300 денари за $м^2$ дневно, а за проектот за прекугранична соработка Македонија-Бугарија се доделуваат 100 $м^2$ на парцела број 19 по цена од 0 ден. за $м^2$.
- Јавното наддавање за парцела број 8, со површина од 62 $м^2$ со почетна цена од 300 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 9, со површина од 60 $м^2$ со почетна цена од 300 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 10, со површина од 70 $м^2$ со почетна цена од 300 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 11, со површина од 65 $м^2$ со почетна цена од 150 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 12 со површина од 66 $м^2$ со почетна цена од 150 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 13, со површина од 61 $м^2$ со почетна цена од 60 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 14, со површина од 58 $м^2$ со почетна цена од 60 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 15, со површина од 58 $м^2$ со почетна цена од 60 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 16, со површина од 46 $м^2$ со почетна цена од 60 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 17, со површина од 45 $м^2$ со почетна цена од 60 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 18, со површина од 57 $м^2$ со почетна цена од 60 денари за $м^2$ дневно;
- Јавното наддавање за парцела број 19 (паркингплац), со површина од 900 $м^2$ со почетна цена од 20 денари за $м^2$ дневно.

**Член 4**

Усното јавно надавање ќе се одржи во просториите на општина Пехчево на ден 30.06.2017 година со почеток во 09:00 часот.

**Член 5**

Уплатата на средствата се врши од страна на корисникот, на трезорска сметка на Буџет на општина Пехчево 100000000063095, уплатна сметка 840-154-03317, приходно конто 717135, програма 00.

**Член 6**

Органот е надлежен да издаде Одобрение за користење на просторот, по претходно доставен доказ за извршена уплата за површина определена во барањето на корисникот. Без претходен доказ за извршена уплата за користење на просторот **НЕ** се издава одобрение за користење.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-659/1
15.06.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок во врска со користењето и управувањето со водоснабдителниот систем за с.Спиково - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот во врска со користењето и управувањето со водоснабдителниот систем за с.Спиково - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на седницата одржана на ден 15.06.2017 година.

Број 09-663/1
15.06.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 15.06.2017 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**Во врска со користењето и управувањето со водоснабдителниот систем**

**за с.Спиково - Пехчево**

Член 1

Советот на општина Пехчево врз основа на разгледаните факти и информации доставени од ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево и службите во општина Пехчево, констатира дека водоснабиделниот систем во с.Спиково е во фаза на легализација и за него сеуште нема обезбедено комплетна документација (имотен лист, проект). Согласно горенаведеното правото на користење и управување со водоснабдителниот систем за с.Спиково се враќа на општина Пехчево, а одлуката бр.08-512/1 од 09.05.2017 година објавена во Сл.гласник бр. 03/2017 престанува да важи.

Член 2

Се задолжува ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево да не наплаќа сметки за вода и да не врши приклучок во с.Спиково, се додека не се обезбеди комплетната документација.

Бр.08-660/1
15.06.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

**СОДРЖИНА:**


- Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден,, - 2017 од 13-15 јули __________ 2;
- Одлука за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден,, - 2017 од 13-15 јули __________ 4;
- Заклучок во врска со користењето и управувањето со водоснабдителниот систем за с.Спиково – Пехчево __________ 7;